# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*


| Број 69 | 09.06.2025 година |
|---|---|


## на Општина Кавадарци

СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Преддоговор за залог на хартии од вредност (акции) и Договор за дар на акции со товар односно налог | 2 |
| Одлука за давање согласност за склучување на Преддоговор за залог на хартии од вредност (акции) и Договор за дар на акции со товар односно налог | 2 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Преддоговор за залог на хартии од вредност (акции) и Договор за дар на акции со товар односно налог**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Одлука за давање согласност за склучување на Преддоговор за залог на хартии од вредност (акции) и Договор за дар на акции со товар односно налог, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 09.06.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09-3460/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.06.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 16-та Вонредна седница, одржана на ден 09.06.2025 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на**
**Преддоговор за залог на хартии од вредност (акции)**
**и**
**Договор за дар на акции со товар односно налог**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци дава согласност за склучување на Преддоговор за залог на хартии од вредност (акции) и Договор за дар на акции со товар односно налог, доставени во прилог на оваа одлука, поврзано со Одлука за давање Согласност за продажба на акции со арх.бр.08-2893/30 донесена од страна на Совет на Општина Кавадарци од 19.05.2025 година.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци преку ополномоштен адвокат да склучи Преддоговор за залог на хартии од вредност (акции) и Договор за дар на акции со товар односно налог.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 3414/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.06.2025 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**